Бр: 03-136/2
Скопје: 21.07.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 21.07.2021 година го донесе следното

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Барањето на мислење добиено од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр. 13-873/1 од 13.07.2021 година (Наш број 03-136/1 од 14.07.2021 година), во кој се бара од Комисијата за заштита на конкуренцијата да даде мислење дали помошта од мерката „Субвенционирано вработување невработени лица„ на Друштвото за производство АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ Струмица се кумулира со регионална помош доделена со Договорот за доделување на државна помош бр. 13-271/1 од 02.02.2016 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата смета дека помошта која Друштвото за производство АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ Струмица ја добива по овие два основа може да се кумулира во смисла да за секое новвработено лице по основа на мерката „Субвенционирано вработување невработени лица„ ослободувањето не може да биде поголемо од ослободување на плаќање на 100% од придонесите за задолжително социјално осигурување предвидени со Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување. Особено давателот треба ова да го има предвид доколку ослободувањето од плаќањето на социјални придонеси се спроведува преку поврат на претходно уплатени средства за придонесите. Исто така, давателот на државна помош треба да има предвид дека согласно член 10 став (3) од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на Република Македонија“ бр. 109/13), регионалната инвестициска помош може да се кумулира со помошта од мало значење во однос на истите оправдани трошоци доколку таквата кумулација не резултира со надминување на максималниот интензитет на помош кој во овој случај изнесува 50% од оправданите инвестициски трошоци.

Во дописот е наведено дека согласно Договорот за доделување на државна помош бр. 13-271/1 од 02.02.2016 година, на Друштвото за производство АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ Струмица му е доделена државна помош која претставува ослободување од плаќање на 50% од придонесите за задолжително социјално осигурување предвидени со Законот за придонестите од задолжително социјално осигурување, за период од десет години, почнувајќи од денот на истекот на период од шест месеци од датумот на започнување на инвестицискиот

проект. Доделувањето на помошта од овој Договор е дозволено согласно Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата со УП бр. 10-12 од 02.02.2016 година. Согласно Решението, мерката претставува регионална помош како индивидуална помош согласно член 4 став (1) точка 2 и 11 од Законот за контрола на државната помош, а интензитетот на помошта од Договорот се пресметува во однос на трошоците што произлегуваат од материјалните и нематеријалните средства кај продуктивната почетна инвестиција.

Согласно доставен допис од страна на корисникот на помошта до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони со бр. 03-1143/1 од 23.02.2018 година, Друштвото за производство АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ Струмица исто така е корисник на програмата „Субвенционирано вработување невработени лица„. Оваа програма претставува мерка од Оперативниот план на Министерството за труд и социјална политика, за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот, за 2016 и 2017 година. Мерката се реализира преку ослободување на работодавачот од плаќање на придонеси за задолжително социјално осигурување/персонален данок на доход, со цел да се поттикнат претпријатијата да вработуваат невработени лица. Согласно Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 216/18 и 223/18), оваа мерка претставува помош од мало значење во смисла на член 4 став (1) точка 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење и истата не е државна помош согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Д-р Владимир Наумовски**